| **Седмица: 31**<br>**Датум:** | | **Час: 1** | **Тема 7: Онлајн живеење**<br>**Наставна единица: Развој на Интернетот** | | | **Одделение:**<br>**IV** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Распоред (делови од часот) | Цели на учење | Критериуми на успех (очекувани резултати) | Активности – Опис | Активности – Организациони форми | Ресурси (средства и материјали) | Доказ за постигнувањата |
| 5 мин. | Да се запознае со историјатот на Интернетот како средство за добивање и споделување информации; | **<u>Сите можат:</u>**<br>да набројат начини за доаѓање до информации пред појавата на интернетот | Како луѓето наоѓале информации пред појавата на интернетот? Наместо играње онлајн игри, како тие се забавувале кога немало интернет? Како се допишувале тогаш?<br>Во наредните неколку часа ќе учиме за Интернет: неговата историја, пребарување на содржини и нивно зачувување, праќање e-mail (имејл) пораки итн. | З<br>метод на разговор | Ленти со наслови<br><br>Ленти со текст<br><br>Флип чарт<br><br>Прибор за работа (ножици, лепак, фломастери)<br><br>Учебник | Прашања<br>Одговори<br>Дискусија |
| 30 мин. | | **<u>Повеќето можат:</u>**<br>да наведат податоци за периоди од историјата на Интернетот | • Правење временска лента за историјата на интернет.<br>- Учениците се поделени во групи и добиваат ленти (во прилог) со текст за историјата на Интернетот.<br>- Наставникот на флип чарт има запишано наслови за периоди од историјата на Интернетот:<br>1. Интернет сè уште не е откриен и компјутерите не комуницираат меѓу себе.<br>2. Интернетот се појавува под друго име и поврзува компјутери кои се користат во науката.<br>3. Во мрежата на ARPANET се појавуваат и компјутери кои се надвор од САД.<br>4. ARPANET го менува своето име.<br>5. Се воведуваат нови услуги на Интернет кои овозможуваат гледање на веб страни.<br>6. Интернет се користи за купување.<br>7. Интернетот е сè повеќе популарен.<br>8. Интернет станува дел од секојдневниот живот.<br>Секоја група треба да го прочита текстот и да препознае на кој наслов одговара, а потоа лентата со текстот ја лепат под насловот.<br>• По активноста за изработка на временската лента, се дискутира за секој период од историјата на Интернетот преку набројување информации и поставување прашања.<br>- Објаснување на поимите:<br>**WWW** е мрежа распространета низ целиот свет.<br>**Веб страница** е електронска страница поставена на интернет.<br>**Веб сајт** е група од повеќе веб страници поврзани меѓу себе. | Г<br>метод на практична работа и употреба на манипулативи<br><br>З<br>метод на разговор | | Набљудување<br><br>Изработена временска лента |
| 5 мин. | | **<u>Некои можат:</u>**<br>да располагаат со самостојно стекнати информации за Интернет | Наведуваат сопствени сознанија за Интернетот . | И<br>метод на објаснување | | Набљудување |

obrazovanie.literatura.mk

| **Организација: Детали за поделбата по улоги / групи / возраста** | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | **Клучна терминологија** |
|---|---|---|
| Воведен дел: Дискусија<br>Главен дел: Работа во групи и изработка на временска лента<br>Завршен дел: Самостојно изнесување информации за Интернет | | Веб страница, веб сајт, WWW, интернет, Arpanet, поврзување, мрежа. |

**Хронолошка лента на историјата на Интернетот**

| |
|---|
| 1. **Педесеттите години** - Компјутерите во 50 - тите години биле многу поразлични од денешните компјутери. Тие биле големи соби во кои биле сместени разни електронски уреди, кои со едно име се нарекувале компјутери. Овие компјутери не биле меѓусебно поврзани во една мрежа. Интернет бил сè уште само идеја за поврзување на повеќе компјутери во една мрежа кои меѓусебно би разменувале податоци. |
| 2. **1969 година** - Идејата од 50 - тите години била применета во САД. Таму имало вакво поврзување, но само на четири компјутери. Овие компјутери се користеле за научни цели (како брзо да се разменат податоци меѓу два компјутери). Таа мрежа од четири компјутери се викала ARPANET. |
| 3. **Седумдесеттите години** – Во САД поврзани биле веќе 23 компјутери кои не биле само воени компјутери, туку биле компјутери и за научни цели. Прв пат во таа мрежа се поврзува и компјутер кој е надвор од САД. Поврзаните компјутери си разменувале пораки и така настанала денешната е-пошта. |
| 4. **Осумдесеттите години** - Мрежата од меѓусебно поврзани компјутери за прв пат се нарекува Интернет. |
| 5. **Деведесеттите години** – Интернет станува популарен со воведување на WWW мрежа распространета низ целиот свет. |
| 6. **Крајот на 20 век и почетокот на 21 век – Во 1994** година се појавува првата „онлајн-продавница“. Тоа значи дека може да се нарачаат производи од интернет, кои потоа стигнуваат на домашна адреса и се плаќа електронски. |
| 7. **1 јануари 2006 година** - Интернетот го користат околу една милијарда луѓе. |
| 8. Интернетот станува дел од секојдневниот живот. Луѓето го користат за разни работи: да читаат вести и книги, да комуницираат со пријателите и соработниците, купуваат, играат игри, учат и друго. |

obrazovanie.literatura.mk